**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-2/32
23.01 2020 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И   У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛИ (МЕНАЏЕРИ) ОД ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА) СО ПРИМЕНА НА ВАЛУТНА КЛАУЗУЛА - ВО ЕВРА

Овие Дополнителни Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г.

Осигурувачот со овој документ се согласува на осигуреникот да му исплати во висина и на начин утврден во полисата доколку осигуреникот претрпи телесна повреда во периодот додека важи ова осигурување. Надоместокот ќе биде исплатен на осигуреникот, или на неговите извршители, или управувачи, согласно додатокот за надомест откако истиот ќе поднесе комплетно отштетно побарување според ова осигурување.

**Со тоа што секогаш:**

1.Обештетувањето не се врши според повеќе, туку само според една точка од додатокот за надомест во однос на последиците од една незгода,освен за надоместот кој се плаќа во однос на привремена целосна неспособност за време на лекување.

2.Вкупниот износ кој се плаќа според ова осигурување во однос на секоја, или на повеќе незгоди да не ја надмине најголемата осигурена сума на било кој од ризиците наведени во додатокот за надомест, или е додаден на ова осигурување со индосамент (додаток), а осигурувачот како дополнение ги плаќа лекарските трошоци.

3.Ако точка 1 од додатокот за надомест не е покриена со осигурување, тогаш не се надоместуваниту едно отштетно побарување, освен привремена целосна неспособност за време на лекувањето и лекарските трошоци, во однос на секоја незгода за која е поднесено отштетно барање, согласно точката 1, доколку таа точка е покриена со осигурување.

4.Доколку точката 1 од додатокот за надомест е покриена со осигурување, а незгодата предизвикала смрт на осигуреникот во рок од 12 месеци од датумот на незгодата, пред да се одреди ликвидирање на надоместокот за инвалидитет како во точката 2 од додатокот за надомест, се плаќа единствено надоместокот предвиден во случај на смрт.

Надоместокот се плаќа согласно точките од додатокот за надомест ако:

а) Под точка 1, смртта настапи во рок од 12 месеци од денот на незгодата;
б) Под точка 2, тоталниот (целосен) траен инвалидитет - загубата настапи во рок од 12 месеци од денот на незгодата;
в) Под точка 2, осигуреникот станува трајно делумно инвалид - во рок од 12 месеци од денот на незгодата;
г) Под точка 3, привремената целосна неспособност за време на лекување се плаќа за секој работен ден за кој осигуреникот е неспособен за работа поради лекување од последиците на несреќен случај, а за кој осигуреникот добил лекарски третман, во рок од 12 месеци од денот на незгодата;
д) Под точка 4, лекарските трошоци настанати во однос на точките 1 и 2, дополнително се плаќаат од осигурувачот, но, најмногу до 7.500 евра, со учество на осигуреникот од 50 евра во секое отштетно барање за надомест на лекарски трошоци.

**ДЕФИНИЦИИ**

Во ова осигурување:

1. **"Телесна повреда"**, значи очигледна физичка повреда која: а) е предизвикана од несреќен случај и

е единствено и независно од друга причина, освен болест како директна последица од тоа, или настанати лекарски, или хируршки третмани по таа повреда, настанатата смрт, или неспособност на осигуреникот во рок од 12 месеци од денот на незгодата.

2.**"Незгода"**, значи ненадејна, неочекувана, невообичаена специфична случка која настанала во одредено време и место, но, исто така, вклучува иизложување кое резултира од несреќа со возило во кое патува осигуреникот.

3.**"Привремена целосна неспособност"**, значи неспособност која целосно го спречува осигуреникот од извршување на дејноста, или занимањето за било кој вид.

4.**"Привремена делумна неспособност"**, значи неспособност која го спречува осигуреникот за вршење на основната дејност или занимање.

5.**"Трајна целосна неспособност"**, значи неспособност која целосно го спречува осигуреникот од извршување на дејност, или занимање за било кое или кој вид и кое трае 12 месеци, и по истекот на тој период нема надеж да се подобри.

6.**"Губење дел од телото"**, значи губиток со физичко одделување на раката, на или над дланката, или на стапало, на или над глуждот и вклучува целосен или ненадоместлив губиток на користење на дланката раката и ногата.

7.**"Лекарски трошоци"**, значи трошоци настанати по потреба од страна на осигуреникот за: лекарски преглед, болничко лекување, хируршка интервенција, рентген, манипулативен третман, масажа, терапевтски и третман од негувателка, вклучувајќи ги и трошоците за медицински помагала и наем на амбулантно возило.

8.**"Патување со авион"**, значи да се биде во, или се вози со авион и за цел на патувањето со авион влегување и излегување по летот.

9.**"Франшиза"**, значи учество на осигуреникот во секое отштетно побарување (оштета).

10. **"Дејство на тероризам"**, значи дејство, кое вклучува, но, не е ограничено на употреба на сила или насилство и/или закана со нив од страна на било кое лице или група на лица, без оглед дали дејствуваат самостојно или во име на или во врска со било која организација(и) или влада(и) обврзани за политички, религиозни, идеолошки или етнички цели или причини, вклучувајќи и намера да се влијае на било која влада и/или да се исплаши јавноста или дел од неа.

Зборовите напишани во машки род вклучуваат и женски род.

## УСЛОВИ

1.Ако осигуреникот редовно се ангажира во некое занимање, спорт, поминатото време или активност каде може да настане материјално поголем ризик отколку изложување во врска со ова осигурување без прво да се извести осигурувачот и да се добие писмена согласност за дополнение на ова осигурување, подлежи на плаќање на дополнителна премија, бидејќи осигурувачот може разумно да бара разгледување на таквата согласност. Во тој случај, ниедно отштетно барање не се исплаќа за било каква незгода која произлегува од истото.

2.Ако последиците од незгодата се отежнуваат (влошуваат) со состојба или физичка неспособност на осигуреникот која постоела пред да настане незгодата, износот на

надоместокот кој треба да се плати според оваосигурувањеза последиците од незгодата ќе биде износот кој разумно би се платил ако тие последици не се толку отежнати.

3.Писмено известување мора да се достави до осигурувачот веднаш штом ќе биде разумно, можно по незгодата која предизвикува или може да предизвика неспособност во рамките на значењето на ова осигурување, а осигуреникот мора што е можно побрзо да се обрати за него од соодветен стручен лекар.

Известувањето мора да се достави до осигурувачот разумно и практично колку што е можно побрзо во случај на смрт на осигуреникот како резултат, или се тврди дека е резултат од незгодата. Услов пред одговорноста на осигурувачот да го плати надоместокот на осигуреникот или неговите претставници е сите лекарски податоци, белешки, потврди и коресподенција во однос на субјектот на оштетното барање или претходните услови да бидат достапни за увид на барање на секој лекарски советник кој е назначен од, или во име на осигурувачот и тој лекарски советник или советници со цел да се разгледа оштетното барање ќе можат да го прегледаат лично лицето - осигуреникот, онолку пати колку што ќе ценат дека е потребно.

4.Секоја измама, сокривање или намерно давање на погрешни изјави, било во пријавата на која се базира ова осигурување, или во врска со друга работа која влијае на ова осигурување или во врска со поднесување отштетно барање, ова осигурување ќе се смета како неважечко и сите поднесени отштетни барања по ова осигурување ќе се казнуваат.

## ИСКЛУЧОЦИ

Ова осигурување не покрива смрт, или неспособност (траен инвалидитет) директно или индиректно кои произлегуваат како последица од или предизвикана од:

а) војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали е објавена војна или не), граѓанска војна, бунт, револуција, востание, граѓански немири, и имајќи го предвид нивниот обем, или нивното прераснување во востание, воена или узурпаторска сила; б) било кое дејство на тероризам. без оглед дали несреќниот случај бил: -директно или
индиректно предизвикан од било кое од погоре наведените дејства; -резултат на било кое од погоре наведените дејства;
-во врска со било кое од погоренаведените дејства и без разлика на редоследот на настаните, или на евентуална истовременост. Ако осигурувачот смета дека поради исклучоците наведени во точката 2, оштетното барање не е покриено со ова осигурување, товарот за докажување на спротивното го сноси осигуреникот.

2.радиоактивна контаминација ако настанала директно, или индиректно;

осигуреникот е ангажиран во или учествува во:
а) служење во или акции во поморска воена или авио војна;
б) зимски спортови (освен лизгање на мраз или вртење) во било какво одморалиште за зимски спортови, или насекаде надвор од Република Македонија.
в) нуркање со помошни апарати за дишење, качување по карпи и планинарење со нормална употреба на јажиња и водичи, симнување во јами, едриличарство, падобранство, ловење со коњи, или возење, или јавање на било кој вид трки;
г) возење на мотоцикли или скутери освен мопеди;
д) професионален спортист и спортски екипи.

ѓ) редовна војска;
е) екипаж на бродови.

4.Осигуреник ангажиран во авиопатување како персонал и екипаж во авиокопанија, освен како патник во соодветно овластен авион со повеќе мотори со кој оперира овластен стопански авиопревозник, или е сопственост, или управуван од стопански концерн.

5.Самоубиство, или обид за самоубиство, или намерна повреда врз себе, или ако осигуреникот е во ментално нездрава состојба.

6.Синдромот СИДА или комплекс кој се однесува на СИДА како и да е добиен овој синдром или да се именува.

7.Намерно изложување на лична опасност, освен во обид да се спаси човечки живот, или сопствен криминален акт на осигуреникот, или ако осигуреникот е под дејство на алкохол или дрога.

8.Инфекции.

9.Смрт од било која причина освен од незгода.

10.Незгоди здобиени од свесна инволвираност на осигуреникот во вршење или обид за вршење криминал, злосторство или кривично дело.

11.Труења здобиени со внесување на цврсти и течни супстанци низ грлото.

12.Патолошки пореметувања кои се должат на физички реакции без оглед на нивната причина.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1.Овие Услови за осигурување важат со Посебните условиза осигурување на раководители (менаџери) од последици од несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула. Доколку нивната содржина е во спротивност со содржината на Посебните услови важат овие услови.
2.Составен дел на овие услови е Табелата (Континентална скала -Табела) за определување процент за траен инвалидитет за дополнителното осигурување на раководители (менаџери) од последици од несреќен случај (незгода), со примена на валутна клаузула - во евра.

3.Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

4.Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

5.Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Марко Микиќ**

Оваа Табела ја донесе Управниот одбор на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД - Скопје на својата редовна седница, одржана на 23.01.2020 година

**ТАБЕЛА (Континентална скала - Табела)**

**ПРИЛОГ бр. 1 -** За определување процент за траен инвалидитет за дополнително осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула - во евра.

Процентот на осигурени суми за траен целосен и траен делумен инвалидитет изнесува:

**Тотален (целосен) траен инвалидитет**

- Целосно губење на видот на двете очи ........................................
- Целосно неизлечива болест........................................................................ 100%
- Загуба на двете раце или шепа..................................................................... 100%
- Комплетна глувост на двете уши од травматско потекло........................................................................ 100%
- Отстранување на долна вилица........................................................................
- Изгубен говор........................................................................................ 100%
- Загуба на една рака и една нога........................................................................
- Загуба на една рака и едно стапало........................................................ 100%
- Загуба на една шепа и едно стапало........................................................ 100%
- Загуба на една шепа и една нога........................................................................
- Загуба на двете нозе........................................................................................ 100%
- Загуба на двете стапала........................................................................ 100%

**Траен делумен инвалидитет**

**Глава**

површина од најмалку 6 см2 .................................................................40%

- површина од 3 до см2........................................................................ 20%
- површина помалку од см2........................................................................ 10%

Загуба на коскената материја на черепот во цел слој

Делумно отстранување на долна вилица поголем дел од

целокупноста или половина од максиларната коска............................ 40%

- Загуба на едно око------------------------------------------------------------------ 40%
- Целосна глувост на едн уво................................................................ 30%

**Горни екстремитети десно -лево**

Загуба на една рака или едн шака............................................... 60% 50%

- Значителна загуба на коскена субстанца во раката

(одредено ненадоместлива повреда)........................................... 50%

40%

- Целосна парализа на горен екстремитет

65%

(неизлечива повреда на нервите)................................................ 55%

- Целосна парализа на циркумфлексни( 20%

нерв................................ 15%

40%

- Анкилоза на рамото.................................................................... 30%

- Анкилоза на лактот во поволна состојба

(15 степени околу десни(................................................

зглоб) .25%-20%

- во неповол

состојба.............................................

...................... 40%-35%

Поголема загуба на коскена материја во двете коски на

подлактица(одредена и неизлечива повреда).............................. 40%-30%

- Целосна парализа на средниот нерв........................................... 45%-35%

- Целосна парализа на радиалниот нерв на

торзиона подлога...... ..................................................................... 40%-35%

- Целосна парализа на радијалниот нерв на

подлактицата........................................................................................ 30%-25%

- Целосна парализа на радијалниот нерв на шаката...................... 20%-15%

- Анкилоза на рачниот зглоб во поволна

позиција (право и во предвидена).................................................... 20%-15%

Анкилоза на рачниот зглоб во неповолна позиција (флексацијаили

истегната или пасивна позиција)...................................................... 30%-25%

- Целосна загуба на палец.................................................................. 20%-15%

- Делумна загуба на палец (ангуален фаланкс).................................... 10%-5%

- Целосна анкилоза на палецот............................................................... 20%-15%

- Целосна ампутација на показалецот................................................ 15%-10%

- Ампутација на две фаланги на показалецот..................................... 10%-8%

- Ампутација на ангуалниот фаланкс на показалецот........................... 5%-3%

- Истовремена ампутација и на палец и на показалецот.................. 35%-25%

- Ампутација на палец и друг прст освен показалец............................. 25%-20%

- Остеомијелитис рецидивирачки........................................................ 75%-20%

- Ампутација на два прста освен палец и показалец.......................... 12%-8%

- Ампутација на три прста освен палец и показалец............................. 20%-15%

- Ампутација на четири прсти со палец................................................ 45%-40%

- Ампутација на четири прсти без палец............................................. 40%-35%

- Ампутација на среден прст..................................................................... 10%-8%

- Ампутација на прст освен на палец среден и показалец...................... 7%-3%

**Долни екстремитети**

Ампутација на бут (горна половина)............................................................ 60%

-Ампутација на бут (долна половина)............................................................ 50%

- Целосна загуба на стапало (тибио-терзална дисартикулација)................ 45%

- Делумна загуба на стопалото (под - зглоб - коска дисартикулација) .........40%

- Делумна загуба на стопалото (средна - тарзална дисартикулација)......... 35%

Делумна забуга на стопалото (тарзо - ментатарзална дисартикулација)..30%

Целосна парализа на долен екстремитет (нелечива повреда на нервот).60%

-Целосна парализа на надворешен поплитичен скиатичен нерв................ 30%
- Целосна парализа на внатрешен поплитиченскиатичен нерв.................... 20%
Целосна парализа на двата нерва (надворешен и внатрешен поплитичен скиатичен нерв) ...........................................................................40%
- Анкилоза колк..................................................................................... 40%
- Анкилоза колено.................................................................................. 20%
Загуба на коскена субстанца од бутот или двете коски на ногата (неизлечива состојба)...................................................................................... 60%
Загуба на коскена субстанца од колено со голема одвоеност на фрагменти и голема тешкотија при движење и виткање на ногата.............................. 40%
Загуба на коскена субстанца на коленото додека движењата се сочувани............................................................................................. 20%

- Скратување на долен екстремитет најмалку 5 см.................................... 30%

- Скратување на долен екстремитет од 3 до 5 см........................................ 20%
- Скратување на долен екстремитет од 1 до 3 см........................................ 10%
- Целосна ампутација на сите прсти на ногата............................................ 25%
- Целосна ампутација на четири прсти и палец на ногата............................ 20%
- Целосна ампутација на четири прсти.......................................................... 70%
- Анкилоза на палецот..................................................................................... 70%
- Ампутација на два прста................................................................................ 5%
- Ампутација на еден прст освен палецот........................................................ 3%

Анкилоза на прстите (освен палец и показалец) и на прстите на нозете (освен палецот на ногата), подлежи на 50% надомест кој се дава за загуба на наведените членови.

Траен инвалидитет предизвикан од незгода а не наведен погоре се надоместува согласно нивната сериозност споредено со тие што се веќе наведени а занимањето на лицето не се зема во предвид.

Делумен или целосен инвалидитет за функции кој не е посебно обработен во Скалата за трајниот инвалидитет за екстремитет или орган, се третира како делумна, или целосна загуба на наведениот екстремитет или орган. Вкупниот надомест кој се плаќа во однос на неколку вида инвалидитети од иста незгода се добива со собирање неколку износи, но да не ја надминува вкупната осигурена сума од Додатокот за надомест.

Ако осигуреното лице е левучар и тоа го има посебно нагласено во понудата, ќе се применуваат наведените процентите за разни инвалидитети на десен горен екстремитет и лев горен екстремитет.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Марко Микиќ**

ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје